Арх. бр. 02-3644/1
04.12.2023 година
Скопје

Врз основа на член 110 став 1 точка 8 и член 173 од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/2021) член 42 Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018, 426/2019), на предлог на рецензентската комисија во состав: проф. д-р Елизабета Ѓоргиевска, редовен професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје, проф. д-р Марија Стевановиќ, редовен професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје и проф. д-р Мира Јанкуловска, вонреден професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје, чиј реферат е објавен во Универзитетскиот билтен бр. 1295 од 15.11.2023, Наставно-научниот совет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје, на 65-та редовна седница одржана на 04.12.2023 година ја донесе следнава

# ОДЛУКА
## за избор и вработување во соработничко звање - асистент

### Член 1

СЕ ПРИФАЌА рефератот на рецензентската комисија објавен во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1295 од 15.11.2023 година за избор на д-р ЈАСНА СИМОНОВСКА во соработничко звање - АСИСТЕНТ од научните области ДЕТСКА СТОМАТОЛОГИЈА и ПРЕВЕНТИВНА СТОМАТОЛОГИЈА на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје.

### Член 2

СЕ ИЗБИРА И СЕ ВРАБОТУВА д-р ЈАСНА СИМОНОВСКА во соработничко звање - АСИСТЕНТ од научните области ДЕТСКА СТОМАТОЛОГИЈА и ПРЕВЕНТИВНА СТОМАТОЛОГИЈА на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје.

### Член 3

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**ДЕКАН**
**Проф. д-р Ќиро Ивановски**

Изработил: Елизабета Алексовска
Одобрил: д-р Влатко Коколански, секретар

Доставено до:
- Архива
- Именуваниот,
- Сметководство